советиvb

# СОВЕТИ

## ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 6 октомври 2018*

## 1. ВЕРСКИТЕ МАЛЦИНСТА И ВЕРСКАТА СЛОБОДА – ИЗЈАВА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ЗАГРИЖЕНОСТ

Во текот на историјата верските малцинства често биле изложени на дискриминација и отворено прогонство. Денес, повторно јакне верската нетрпеливост и предрасудите. Без оглед на тврдењето дека секој има право да застапува и да штити верски гледишта како и да ја промени својата вера, што е поддржано со инструменти на Обединетите нации и документи кои го сочинуваат меѓународното право, многу земји тоа право им го ускратуваат на своите граѓани.

Меѓународните инструменти ја осудуваат дискриминацијата кон малцинствата, но е трагично што некои земји објавиле пописи на верски групи кои ги прогласуваат за потенцијално опасни секти. Основани се комисии за борба против сектите, со образовен истражен персонал и донесени се рестриктивни закони. Стотици илјади недолжни верници сега се под службено сомнение и со нив се постапува како со граѓани од втор ред. Сето тоа е кршење на верската слобода, која е најосновно и најбитно од темелните права на човештвото. Адвентистите веруваат во послушноста на законите на земјата сè додека не дојдат во судир со Божјите закони. Меѓутоа, се противиме на секој закон, политика или постапка која врши дискриминација на верските малцинства.

Црквата застапува верска слобода за сите, како и одвоеност на црквата и државата. Светото писмо учи дека Бог, кој дава живот, дава и слобода на избор. Бог прифаќа искази на почитување само ако се дадени без присила. Освен тоа, адвентистите веруваат дека законот треба да се примени на сите подеднакво, без каприциозна наклоност. Сметаме дека не треба да ѝ се суди на ниедна верска група затоа што ни изгледа дека некои нејзини следбеници се екстремисти. Верската слобода треба да се ограничи тогаш кога агресивното и насилничко однесување ги крши човековите права на другите.

Поддржувајќи го осумнаесеттиот член на Општата декларација на Обединетите нации за правата на човекот и другите меѓународ-

ни инструменти, Црквата се определила за одбрана и заштита на верската слобода за секој и на секое место. Со оваа цел ќе продолжиме да соработуваме со Комисијата за човекови права при Обединетите нации и другите меѓународни институции и верски организации и секоја земја да ја повикаме да го применува темелното право на верската слобода. Освен тоа, ќе продолжиме да го промовираме дијалогот и подоброто разбирање меѓу властите и луѓето кои припаѓаат на верските малцинства.

Оваа изјава е прифатена на годишното заседание на Извршниот одбор на Генералната конференција на *19* ноември *1999* во Силвер Спрингс, сојузна држава Мериленд, САД.

*Сабота, 13 октомври 2018*

## 2. ИЗЈАВА ЗА ВЕРСКАТА СЛОБОДА, ЕВАНГЕЛСКАТА РАБОТА И ПРОЗЕЛИТИЗМОТ

Адвентистите веруваат дека верската слобода е темелно човеково право. Како христијани уверени сме дека ширењето на религијата не е само право, туку и радосна одговорност втемелена на божествениот налог да сведочиме.

Бог ги повикал христијаните да го шират евангелието и да ја објавуваат радосната вест за спасението во Христос (Матеј 28,19.20). Ова е срцевината на христијанскиот живот и сведочењето. Затоа христијанството по својата природа е мисионерски инспирирано.

Прифаќајќи ја глобалната мисија и евангелизирањето, адвентистите ги придвижува послушноста на Христовиот налог и искрената желба секој да биде спасен и да го наследи вечниот живот. Исто така, ги придвижува и чувството на итност, со оглед на очекувањето на непосредното Христово враќање. Во настојувањето да го исполнат евангелскиот налог, адвентистите денес сведочат, проповедаат и служат во повеќе од 200 земји.

Со оглед на ширењето на религијата, се јавил проблемот „прозелитизам“ бидејќи овој поим се дефинира на разни начини, а чес-

то му се придава и погрдно значење врзано за неетичките средства на наговарање, вклучувајќи и присила. Адвентистите недвосмислено ја осудуваат употребата на овие методи. Тие веруваат дека верата и религијата најдобро се ширaт кога сведочењата и подучувањето на вистината се изнесуваат понизно и со почитување, и кога сведочењето на животот е во согласност со објавената порака и предизвикува слободно и радосно прифаќање од страна на оние кои ги евангелизираме.

Евангелските и мисионските активности треба да го почитуваат достоинството на човечките суштества. Кога ќе дојдат во контакт со други верски групи, поединците треба да настапат вистински и отворено. Треба да се користат изрази со кои се избегнува навредување на другите верски заедници. Не треба да се даваат лажни изјави или такви кои ги исмеваат другите религии.

Обратувањето е духовно доживување, па на кој било начин не треба да се поврзува со нудење или примање материјални поттици. Додека од една страна во целост треба да се признае правото на учество во хуманитарни дејности, таквите дејности никогаш не смеат да бидат поврзани за евангелизирањето на начин на кој би се искористила ранливоста на луѓето нудејќи им финансиски и материјални поддршка за да се поттикнат да ја променат религијата.

Адвентистите се определиле да им служат на своите ближни проповедајќи го вечното евангелие на секое племе и јазик и колено и народ (Откровение 14,6).

Оваа изјава ја прифати Административниот одбор на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква поради објавата за време на заседанието на Генералната конференција од *29* јуни до *8* јули *2000* во Торонто, Канада.

*Сабота, 20 октомври 2018*

## 3. ОДНОСИ СО ДРУГИТЕ ХРИСТИЈАНСКИ ЦРКВИ И ВЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

За да ги избегнеме недоразбирањата и затегнатите односи во нашите меѓусебни општења со другите христијански цркви и верски организации, ги објавуваме следниве насоки:

Им оддаваме признание на оние институции кои пред луѓето го воздигнуваат Христа како дел од божествениот план за евангелизирање на светот; поради тоа високо ги цениме христијаните и христијанките на другите верски заедница кои се посветуваат на придобивање души за Христа.

Кога во текот на работата ќе дојдеме во допир со другите христијански општества и верски тела, во секој момент треба да преовладува духот на христијанската учтивост, отвореност и искреност.

Потврдуваме дека вистинската религија се заснова на совеста и сведочењето. Поради тоа, постојано треба да настојуваме луѓето во нашата заедница да не бидат привлечени од себични интереси и привремени предимства; освен тоа, верникот треба да се врзува за неа, ако верува и ако е осведочен и на тој начин успеал да се поврзе со Христа. Ако промената на осведочувањето го наведе верникот на нашата црква да донесе заклучок дека повеќе не е во согласност со адвентистичката вера и практика, сметаме дека, не само со право туку и со одговорност на тој верник, без чувство на срам може да ја промени верската припадност во согласност со своите верувања. Очекуваме од другите верски заедници да реагираат со истиот дух на верска слобода. Пред примањето во верништво, лицето од друга верска заедница треба да провери дали кандидатите на верската припадност се поттикнати од свое верско уверување и благодарение на својата лична заедница со Бога.

Личноста која е под дисциплинска мерка во друга верска заедница поради јасно утврдени недостатоци на христијанскиот морал или карактер, не треба да се смета за соодветна за членство во Црквата додека нема докази за покајание и промена.

Поради своето разбирање на евангелскиот налог, Црквата не може својата мисија да ја ограничи на одредени географски подрачја. Според Божјото провидение и историскиот развој на Неговото дело за луѓето, одвреме-навреме се појавувале верски заедници и верски движења кои требало посебно да ги нагласуваат различните елементи на евангелската вистина. Со настанокот на адвентистичкиот народ, доверена ни е задача да ја објавуваме радосната вест за Христовото доаѓање како библиски настан, со потреба за објавување на библиската вистина во рамки на посебната вест за подготовка опишана во библиските пророштва, посебно во Откровение 14,6-14. Оваа вест налага проповедање на неминливата радосна вест „на секој народ и племе и јазик" за да се запознаат сите луѓе. Секоја забрана која ова сведочење би го ограничила на одредени географски подрачја се подразбира како намалување на евангелскиот налог. Исто така, Христијанската адвентистичка црква го признава правото на другите верски заедници да дејствуваат без географски ограничувања.

*Овој текст е преземен од Работното тела на Генералната конференција, број О-75.*

*Сабота, 27 октомври 2018*

## 4. СЛОБОДА НА СОВЕСТА

Треба да се потпираме на верувањето дека слобода на совеста мора да им биде дадена на сите луѓе – тоа е централен дел на нашата порака. Слободата на совеста вклучува слобода на вероисповед и слобода на практикување на верското определување според изборот или слобода на неверување. Ние сме посветени на унапредување на правната и политичката заштита на верските слободи и даваме поддршка на широкото толкување на националните и меѓународни права кои ја гарантираат заштитата на оваа слобода. (10)

Како христијани адвентисти, ја признаваме легитимната улога на организираната власт во општеството. (11) Го поддржуваме

правото на државата со закони да владее во секуларните работи и ги поддржуваме таквите закони. (12) Но, кога ќе се соочиме со ситуација во која државните закони се во спротивност со библиското учење, тогаш ние претпочитаме да се усогласиме со библискиот налог, според кој првенствено треба да го почитуваме Бога а не човека. (13)

Авантистичката посветеност на слободата на совеста препознава дека постојат граници на таа слобода. Верската слобода може да постои само во контекст на заштитата на легитимните и еднаквите права на другите во општеството. Кога општеството има важен интерес, како што е заштита на своите граѓани од непосредна опасност, тоа може легитимно да ги ограничи верските практики. Ова ограничување треба да се спроведува мошне внимателно, на начин кој ограничувањето на религиозната практика малку ќе го намали, а сепак да се заштитат оние кои се загрозени. Ограничувањата на слободата на совеста, со цел да се заштити општеството од хипотетички опасности или наметнување на социјални и религиозни конформитети (конформизам: сообразување, приспособување, прифаќање на нечија идеологија, мислење и сл. од користољубиви или опортунистички причини; заб. прев.) преку законодавни мерки, како што се воспоставување на неделниот закон или други државни верски празници, не се легитимни ограничувања на слободата.

Адвентистите се повикани да се застапуваат за принципите на слобода на совеста во име на сите народи. Покажувајќи љубов кон другите, ние мораме да бидеме подготвени да работиме во име на оние групи чијашто слобода на совеста е повредена од страна на државната власт. Ваквата работа може да резултира со лична и корпоративна загуба. Тоа е цената којашто мораме да бидеме подготвени да ја платиме ако сакаме да го следиме нашиот Спасител, кој постојано зборувал во име на угнетените и потценетите.

*Забелешка: Текстот претставува дел од изјавата за односите меѓу Црквата и државата.*

*Сабота, 3 ноември 2018*

## 5. УЧЕСТВО ВО ВЛАСТА

Христијанската адвентистичка црква е свесна за долгата историја на учество на Божјиот народ во граѓанските работи. Јосиф добил цивилна власт во Египет. На сличен начин и Даниел напредувал во власта во Вавилон, а резултатот од неговата работа се огледувал во напредокот на државата. Во црковната историја, адвентистите се здружувале со други религиозни и секуларни организации со цел да влијаат на цивилните власти да го укинат ропството и да го унапредат делото на верската слобода. Верското влијание не секогаш резултирало со подобрување на општеството - верски прогонства, верски војни и безброј примери на социјални и политички угнетувања, извршени по наредба на религиозни луѓе, ја потврдуваат опасноста што постои кога државните средства се користат за напредок на религиозни цели.

Подемот на христијанската адвентистичка црква резултирал со соодветен пораст во нашата можност да оствaруваме политичко влијание во некои делови од светот. Ова политичко влијание, само по себе, не е проблематично. Всушност, адвентистите треба да се стремат да служат на позиции на цивилно раководство. Сепак, секогаш мораме да бидеме свесни за опасностите поврзани со религиозното влијание врз граѓанските работи, со цел постојано да ги избегнуваме таквите опасности.

Кога авантистите ќе станат лидери или кога ќе влијаат на поширокото општество, тие треба да го прават тоа на начин кој е во согласност со Златното правило. Затоа, треба да работат на воспоставување на силна верска слобода за сите, и не треба да се користи влијанието врз политичките или граѓанските лидери, за промовирање на својата религија или ограничување на верата на другите. Адвентистите треба сериозно да ја разберат граѓанската одговорност. Треба да учествуваме во достапниот процес на избор, со гласање, секогаш кога е можно да се прави тоа со чиста совест, и да ја споделуваме одговорноста во градењето на нашите општества. Сепак, адвентистите не треба да бидат преокупирани со

политика, или да ја користат проповедалната или нашите публикации за да ги унапредат политичките теории.

Адвентистите, кои се граѓански водачи, мора да се стремат да ги почитуваат највисоките стандарди на христијанско однесување. Како Даниел на модерното време, Бог ќе ги води и нивната верност кон Бога ќе ги вдахне нивните заедници.

## Претставување на Црквата пред властите и пред меѓународните тела

Во текот на историјата на Божјиот народ, Бог сметал дека е соодветно да се делегираат поединци за да ја претставуваат Неговата порака пред владетелите на тоа време. Аврам, Јосиф и Мојсеј стоеле непосредно пред фараонот во свое време. Присуството на Естира во палатата на царот Ахафер резултирало со спасение на Божјиот народ од уништување. Даниел бил во првите редови во службите на Вавилон, а подоцна и на Кир Персиски и Дариј Мидјанецот. Павле го носел Евангелието меѓу владеачката класа во Римската Империја. Слично на тоа, многу големи реформатори стоеле пред владетели и посредувале. За таа цел, ние би биле несовесни ако не настојуваме да го застапуваме Христа пред лидерите на овој свет, во нашево денешно време.

Всушност, адвентистите се повикани да бидат глас на слободата на совеста во овој свет. Составен дел на оваа мисија е развивањето на односи со привремените владетели. За да се постигне ова, Христијанската адвентистичка црква назначува претставници во владите и меѓународните тела, кои имаат влијание врз заштитата на верската слобода. Оваа работа мора да се посматра како дело од суштинско значење за нашата евангелска мисија, и треба да биде придружено со потребните средства за нашето претставување да се покаже во најдобра светлина.

*Забелешка: Текстот е дел од изјавата за односи меѓу Црквата и државата.*

*Сабота, 10 ноември 2018*

## 6. ПРИФАЌАЊЕ НА ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ

Адвентистите долго време дискутирале дали Црквата и нејзините институции треба да прифатат државно финансирање. Од една страна, Црквата учи дека Господ е и во срцата на оние кои се во цивилната власт, и дека со прифаќање на државно финансирање, Црквата не треба да изгради бариери што би ја отсекле помошта за унапредување на Неговото работа. Од друга страна, Црквата предупредува против обединувањето на Црквата и државата.

Затоа, кога државните закони дозволуваат државна помош за црквите и нивните институции, нашите принципи дозволуваат да се прифатат средствата кои не се придружени со услови кои ја попречуваат нашата можност слободно да ја исповедаме својата вера, да се вработуваат само адвентисти, да се задржи управување од страна на адвентистите и да се придржуваме без компромис кон принципите изразени во Библијата и во делата на Елена Вајт. Покрај тоа, за да се избегне заедницата на Црквата и државата, државните фондови не треба да се прифатат како плата за верските активности, како што се богослуженијата, евангелизациите, објавувањето на религиски текстови, или за плата на оние кои работат во црковната администрација или во службата на Евангелието, освен за обезбедување на духовни услуги за оние чиишто животи се целосно регулирани од државата, како и за обезбедување на услуги кои се неизводливи без државно учество.

Во случаи кога прифаќањето на државните средства не ги нарушува горенаведените принципи, треба внимателно да се разгледа дали државните фондови треба да се прифатат. Континуираното државно финансирање, за разлика од еднократен финансиски придонес, претставува посебна опасност. Во овој случај практично е невозможно институциите да не станат барем делумно зависни од тековните државни финансиски токови. Таквите државни средства обично се следени со некоја владина уредба. Иако тој пропис не мора да ги крши христијанските принципи, ваквите прописи обично се подложни на промена. Во случај прописите за прием на

државното финансирање да се променат и ако налагаат напуштање на принципите опишани во Библијата и во делата на Елена Вајт, таквите државни средства мора бидат одбиени, дури и тогаш кога, како резултат на тоа, институциите мора да се затворат, продадат или значително да се реконструираат.

Кога адвентистите добиваат државни средства, тие мора да управуваат со тие средства со најголема грижа. Ова значи строго почитување на прописите поврзани со финансирањето и употребата на ригорозните сметководствени стандарди. Ако процедурите не можат да се испочитуваат со таква усогласеност, финансирањето мора да биде одбиено.

Во некои исклучителни околности, адвентистите можат да го користат своето присуство во државата само ако учествуваат во програми контролирани од страна на државата и кои забрануваат отворено сведочење. Треба да се упати посебна молитва за последиците од учеството во таквите програми. Ние треба да разгледаме дали учество помага на владата да ја одржи својата рестриктивна политика, дали името на Црквата е поврзано со резултатите на овие програми, и дали учеството дава можност, како краткорочно така и долгорочно, да се шири Евангелието, вклучувајќи ја и тројната ангелска вест. Ние мора истрајно да го избегнуваме здружувањето на Христовото име со режими кои го угнетуваат и го мачат својот народ.

*Напомена: Текстот претставува дел од изјавата за односи меѓу Црквата и државата.*

*Сабота, 17 ноември 2018*

## 7. ЕКУМЕНСКА СОРАБОТКА?

Дали адвентистите треба да соработуваат на подрачјето на екуменизмот? Адвентистите треба да соработуваат сè додека се проповеда автентичното евангелие и додека ги задоволуваат очајните човечки потреби. Христијанската адвентистичка црква не сака да

биде вплеткана со членство и го одбива секој однос кој би можел да го ослабне нејзиното јасно сведочење. Меѓутоа, адвентистите сакаат да бидат и „соработници врз основа на совеста“. Екуменското движење како установа на соработка има прифатливи елементи; како институција за органско единство на црквите сепак е сомнително.

**Односите со другите верски заедници**

Во далечната 1926 година, многу пред екуменизмот да стане мода, Извршниот одбор на Генералната конференција ја прифатил важната изјава која денес е дел од Правилникот на Генералната конференција (О 75). Оваа декларација содржи важни екуменски елементи. Целта на изјавата била да се дадат упатства за мисионското поле и односите со другите „мисионерски друштва“. Но оваа изјава денес е проширена на односите со другите „верски организации“. Според неа, адвентистите „ја признаваат секоја установа која пред луѓето го издигнува Христа како дел од божествениот план на спасение за евангелизирање на светот и дека високо ги цени христијаните и христијанките во другите заедници кои се трудат да придобијат души за Христа“. Во односите на Црквата со другите цркви треба да преовладуваат „христијанската учтивост, љубезност и почитување“. Наведени се некои практични совети за да се избегнат недоразбирањата и да се отстранат причините за тие расправии. Меѓутоа, изјавата многу јасно става до знаење дека „адвентистичкиот народ“ го прифатил посебното „бреме“ за истакнување на второто Христово доаѓање како настан кој е „пред вратата“, подготвувајќи го „патот кон Господа како што е откриено во Светото писмо“. Поради овој божествен „налог“ на адвентистите им е невозможно своето сведочење да го ограничат „на некое подрачје“; тој ги обврзува евангелието да го објавуваат „на сите луѓе и на секое место“.

Генералната конференција во 1980 г. основала Совет за меѓуцрковни односи, со цел да даде општи насоки и да може да ги надгледува односите на Црквата со другите верски заедници. Овој совет одвреме-навреме одобрувал разговори со други верски организации кога сметал дека тоа би можело да биде корисно.

Адвентистичките водачи треба да бидат познати како градители на мостови. Тоа не е лесна задача. Многу е полесно да се разурнат црковните мостови и да се прифати однесување како неодговорни „христијански командоси“. Елена Вајт рекла: „Потребна е голема мудрост за да допреме до проповедниците и влијателните луѓе“ (Евангелизам, стр. 562). Адвентистите не се повикани да живеат во заградено гето, да разговараат само со себе, да објавуваат литература главно за себе, покажувајќи секташки дух на изолација. Секако, многу е поудобно и посигурно да се живее во адвентистичка тврдина, со подигнати мостови на комуникација. Во такво опкружување одвреме-навреме се излегува во околината за кратка евангелизација, се фаќаат што е можно повеќе „заробеници“ и потоа со нив се повлекуваат во тврдината. Елена Вајт не верувала во изолациски менталитет: „Нашите проповедници треба да се трудат да им се приближат на проповедниците од другите верски заедници. Молете се за тие луѓе, за кои Христос врши посредничка служба, и молете се со нив. Свечена одговорност почива на нив. Како Христови весници, треба да покажеме длабок, сериозен интерес за овие пастири на стадото“ (*Од ризниците на сведоштвата*, кн. 2, стр. 312).

**Весници на вистинската оикоумена**

Адвентистите се весници на единствената вистинска и трајна оикоумена. Во Посланието до Евреите се споменува „идниот свет [грчки: *оикоумене*]“ (Евреите 2,5), доаѓање на универзалното Божје царство. Во конечната анализа тоа е „екуменизам“ за кој работат адвентистите. Секое друго екуменско движење е минливо. Во меѓувреме, должност на христијаните е да настојуваат во ова: „Господ Бог почитувајте Го во срцата свои; а бидете секогаш подготвени со кроткост и страхопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж“ (1. Петрово 3,15).

*Напомена: Текстот е дел од изјавата „Адвентистите и екуменското движење“*

*Сабота, 24 ноември 2018*

## 8. КОНТРОЛАТА НА РАЃАЊЕ

Изјавата за моралните елементи поврзани со контролата на раѓање мора да биде поставена во поширок контекст на библиското учење за сексуалноста, бракот, родителството и драгоценоста на детето со разбирање на меѓусебната поврзаност на овие проблеми. Бидејќи внатре во Црквата постојат разни мислења, овде се изнесени следните библиски темелни начела чија цел е да ги упатат и да ги водат во донесувањето одлуки.

**Одговорност во управувањето.** Бог ги создал човечките суштества според својот лик, машко и женско, со способност да мислат и да донесуваат одлуки (1. Мојсеева 1,18; Исус Навин 24,15; 5. Мојсеева 30, 15-20). Бог на луѓето им доверил да владеат со Земјата (1. Мојсеева 1, 26.28). Ова бара надгледување и грижа за природата. Христијанската управителска служба исто така бара преземање одговорност за човечката прокреација. Како една од одликите на човечката природа со која поединецот треба да управува, сексуалноста треба да биде изразена во согласност со Божјата волја (2. Мојсеева 20,14; 1. Мојсеева 20.10-21; 1. Коринќаните 6,12-20).

**Цел на раѓањето.** Продолжувањето на човечкиот род е една од целите на човековата сексуалност (1. Мојсиева 1,28). Иако може да се каже дека целта на бракот главно е создавање потомци, Светото писмо никаде не го прикажува раѓањето како обврска на секоја брачна двојка за да му угоди на Бога. Меѓутоа, божественото откровение ги смета децата за многу вредни и ја истакнува радоста што можат да ја доживеат родителите (Матеј 19, 14; Псалм 127,3). Раѓањето и одгледувањето деца им помага на родителите да го разберат Бога и да развијат сочувство, грижливост, понизност и несебичност (Псалм 103,13; Лука 11,13).

**Средство за соединување.** Сексуалноста служи и како од Бога одредено средство за соединување во бракот и треба да ја разликуваат од целта на раѓањето (1. Мојсеева 2,24). Сексуалноста во бракот треба да опфаќа радост, задоволство и уживање (Проповедник 9,9; Мудри изреки 5,18.19; Песна 4,16; 5,1). Божја намера е

брачните двојки да одржуваат интимна заедница одвоена од раѓањето (1. Коринќаните 7,3-5), заедница која ја зајакнува врската и го штити брачниот другар од недозволена врска со личност која не е негов брачен другар (Мудри изреки 5,15-20; Песна 8, 6.7). Во Божјиот план интимните полови односи не се одредени само со цел зачнување. Светото писмо не им брани на брачните двојки да уживаат во половите односи со преземање мерки за спречување на бременост.

**Слобода на изборот.** При создавањето и повторно благодарение на Христовото окупување, Бог на човечките суштества им дал слобода на избор и од нив очекува да ја користат одговорно (Галатите 5,1-13). Според божествениот план мажот и жената преставуваат одредена семејна единка, со тоа што и двајцата се слободни и одговорни заеднички да донесуваат одлуки за своето семејство (1. Мојсеева 2,24). Венчаните партнери треба да имаат обѕир еден спрема друг при донесувањето на одлуките поврзани со контролата на раѓање, подготвени да водат сметка за потребите на другиот, како и за своите (Филипјаните 2,4). За оние кои ќе решат да имаат деца, одлуката за раѓање не е без ограничување. Нивната одлука мора да почива на неколку фактори, вклучувајќи ја и способноста да бидат во состојба да се грижат за потребите на децата (1. Тимотеј 5,8); физичкото, душевното и духовното здравје на мајката и другите негуватели (3. Јованово 2; 1. Коринќаните 6,19; Филипјаните 2,4; Ефесјаните 5,25); општествените и политичките услови во кои ќе се родат децата (Матеј 24,19), квалитетот на животот и достапните глобални ресурси. Ние сме управители на Божјето создавање и поради тоа мораме да гледаме над сопствената среќа и желба, водејќи сметка за потребите на другите (Филипјаните 2,4).

**Соодветни методи за контрола на раѓањето.** Моралните одлуки за изборот и употребата на различни средства за контрола на раѓањето мора да потекнуваат од разбирањето какви би биле нивните можни последици по физичкото и душевното здравје, начинот на кој дејствуваат и трошоците кои се подразбираат. Различните методи за контрола на раѓањето, вклучувајќи ги и методите за создавање пречки, спермициди и стерилизација, го спречуваат

оплодувањето, а се и морално прифатливи. Некои други методи на контрола на раѓањето можат да спречат овулација, можат да спречат соединување на јајце-клетката со сперматозоидот (оплодувањето) или дури да се спречи веќе оплоденото јајце да се имплантира. Поради несигурноста како ќе функционира во одделни случаи, тие можат да бидат морално сомнителни за оние кои веруваат дека заштитениот човечки живот започнува со оплодувањето. Меѓутоа, бидејќи повеќето оплодени јајце-клетки природно не успеваат да се имплантираат или ќе се изгубат по имплантацијата, дури и тогаш кога не се користат методите на контрола на раѓањето, хормоналните методи за контрола на раѓањето и ИУД, кој преставува сличен процес, можат да се сметаат за морално прифатливи. Пометнувањето, намерното прекинување на веќе постојна бременост, не е морално прифатливо средство за контрола на раѓањето.

**Злоупотреба на контролата на раѓање.** Иако сѐ поголемата можност за управување со плодноста и заштита од сексуално преносливите болести може да биде корисна за многу брачни двојки, можно е да се злоупотреби контролата на раѓање. На пример, тие кои се впуштаат во предбрачни и вонбрачни интимни односи можат поподготвено да се препуштат на таквото однесување, бидејќи на располагање имаат методи за контрола на раѓањето. Употребата на таквите методи, за да се заштити половиот однос надвор од бракот, може да го намали ризикот од пренесување полово преносливи болести и/или бременост. Меѓутоа, половиот однос надвор од бракот е штетен и неморален, без оглед на тоа дали овој ризик бил намален или не.

**Да го имаме на ум спасението.** Достапноста на методите за контрола на раѓањето ја прави уште понужна потребата за образование во поглед на сексуалноста и моралноста. Помалку труд треба да се вложува во осудувањето, а повеќе во подучувањето и позитивното дејствување за да може секој поединец да биде изложен на силното влијание на Светиот Дух.

*Оваа изјава е прифатена во текот на годишното заседание на Извршниот одбор на Генералната конференција во среда, 29 септември 1999 во Силвер Спрингс, сојузна држава Мериленд во САД.*

*Сабота, 1 декември 2018*

# 9. АБОРТУС

Многу современи општества се соочиле со проблемот околу моралноста на абортусот. Таквиот судир е под влијание на многу луѓе во контекст на христијанството, кои се подготвени да ја прифатат одговорноста за заштита на пренаталниот човечки живот и, исто така, да ја зачуваат слободата на жените. Очигледно е дека, додека Црквата се обидува да го следи Светото писмо, неопходни се морални насоки, истовремено почитувајќи ја индивидуалната слобода на совеста. Христијаните адвентисти сакаат прашањето околу абортусот да го поврзат со верата во Бога како Создател и Оној што го одржува животот, на начин кој ја одразува христијанската одговорност и слобода. Иако постојат разлики во поглед на сфаќањето на абортусот меѓу адвентистите, следните изјави претставуваат обид да се формулираат насоки за оваа тема. Упатствата на овој документ се базираат на библиски принципи.

1) Пренаталниот човечки живот е прекрасен дар од Бога. Божјиот идеал наменет за човечките суштества ја потврдува светоста на човечкиот живот, според Божјиот лик. Меѓутоа, животните одлуки треба да се донесат во контекст на еден свет што е паднат во грев. Абортусот никогаш не е активност со мали морални последици. Затоа, пренаталниот живот не смее да биде небрежно уништен. Абортусот треба да се врши само од најсериозни причини.

2) Абортусот е една од трагичните дилеми на човековиот пад во грев. Црквата треба да понуди милосрдна поддршка на лицата кои лично се соочуваат со одлуката за абортус. Осудувачкиот став не е соодветен за оние кои го прифатиле Евангелието. Од христијаните се очекува да развиваат заедница на луѓе кои меѓусебно се сакаат и се грижат едни за други, и им помагаат на оние што се во криза.

3) Црквата на практичен, опиплив начин, како заедница полна со поддршка, ја изразува својата посветеност на вредностите на човечкиот живот, како што се:

• Зајакнување на семејните односи.

• Обука на двата пола во однос на христијанските принципи и човечката сексуалност.

• Зајакнување на одговорностите на двајцата брачни другари околу планирањето на семејството.

• Одговорноста на двајцата сопружници за последиците од однесувањето кои не се во согласност со христијанските принципи.

• Создавање безбедна клима за развој на дискусија за моралот на абортусот.

• Обезбедување поддршка и помош за жените кои ќе одберат да ја задржат бременоста.

• Поттикнување и помош на татковците да преземат одговорност за воспитувањето на своите деца.

И црквата треба да се посвети на тоа да им помага на сиромашните во подобрување на лошите социјални, економски и психолошки фактори, кои ставаат дополнителен товар на абортусот, и да се грижи за оние кои страдаат од последиците на индивидуалните одлуки по ова прашање.

4) Црквата не служи како совест, но треба да обезбеди морални насоки. Абортусите заради контрола на раѓањето, бирање пол или поради одредени бенефиции, Црковата нема да ги толерира. Меѓутоа, жените можат да се соочат со исклучителни околности кои претставуваат сериозна морална или здравствена дилема – ако животот на жената е загрозен или е дијагностицирана сериозна болест на фетусот или бременоста е резултат на силување или инцест. Конечната одлука дали да се прекине бременоста или не, треба да биде донесена од страна на бремената жена, по соодветни консултации. Таа треба да добие навремени, точни информации, да биде свесна за библиските принципи и насоки водени од Светиот Дух. Покрај тоа, најдобро е оваа одлука да се донесе во круг на здрави семејни односи.

5). Христијаните пред сè го признаваат Божјето водство. Тие бараат мудрост и рамнотежа меѓу индивидуалните слободи и нивната одговорност кон заедницата на верните и поширокото општество и неговите закони. Тие го прават својот избор во согласност со учењето на Светото писмо и Божјиот закон, пред да се

потпираат на нормите на општеството што ги опкружува. Затоа, во обидот жената да се принуди да ја износи бременоста или да ја прекине, треба да се отфрли како повреда на личната слобода.

Абортусот, како што е дефинирано во овие упатства, се дефинира како прекин на веќе постоечка бременост. Ова е различно од контрацепцијата која е дизајнирана за да се спречи бременоста. Фокусот на овој документ е абортусот.

*Напомена: Текстот е дел од проширен документ кој е достапен на интернет страницата* http://www.adventisti.net/abortus/.

*Сабота, 8 декември 2018*

## 10. ИЗЈАВА ЗА СТАВОТ КОН ХОМОСЕКСУАЛНОСТА

Христијанската адвентистичка црква смета дека секое човечко суштество е вредно во Божјите очи и дека на секој маж или жена им е потребно да сведочат во Исусовиот дух. Исто така, веруваме дека со Божјата милост, преку дејствувањето на заедницата во верата, секој поединец може да живее во согласност со принципите изнесени во Божјата Реч.

Адвентистите веруваат дека сексуалната интимност е наменета само за брачните партнери, мажот и жената. Тоа е дизајн што Бог го воспоставил за време на создавањето. Светото писмо изјавува: „*Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се прилепи кон жената своја; и (обата) ќе бидат едно тело*“ (1. Мојсеева 2,24). Низ целото Свето Писмо се провлекува овој хетеросексуален образец. Библијата не одобрува хомосексуални активности или врски. Сексуалните активности надвор од хетеросексуалниот брак се забранети.

„*Пазете ги сите Мои заповеди и сите Мои закони и извршувајте ги, и секој што ги извршува жив ќе биде. Јас сум Господ (Бог ваш). Никој не смее да се доближува до сродница по тело, за да ја открие голотијата нејзина. Јас сум Господ. И голотијата на таткото свој и голотијата на мајката своја да не ја откриваш; таа ти е мајка,*

*не откривај ја голотијата нејзина. Голотијата на татковата жена не откривај ја; тоа е голотија на твојот татко. Голотијата на сестрата твоја, која е од татко ти или од мајка ти, родена во куќата или надвор од куќата, да не ја откриваш голотијата нејзина. Голотијата од ќерката на синот твој или од ќерката на ќерката твоја, не откривај ја голотијата нивна, зашто тие се твоја голотија. Голотијата на ќерката од жената на твојот татко, не откривај ја; таа ти е сестра (по татко). Голотијата на татковата сестра не откривај ја; таа е од иста крв со таткото твој. Голотијата на мајкината сестра не откривај ја; таа е од иста крв со твојата мајка. Голотијата на татковиот брат не откривај ја и до неговата жена не се доближувај; таа ти е стрина. Голотијата на снаата своја не открива ја, таа е жена на твојот син – затоа не откривај ја голотијата нејзина. Голотијата на братовата жена не откривај ја; тоа е голотија на братот твој. Голотијата на жена и на ќерка и не ја откривај; ќерката на синот нејзин и ќерката на ќерката нејзина не ги земај, за да ја откриваш голотијата нивна: тие се од иста крв; тоа е беззаконие. Не земај ја за жена сестрата на твојата жена за да ја откриеш голотијата нејзина пред неа, сè уште додека е жива таа, зашто ќе создадеш меѓу нив соперништво. И до жена, сè додека трае чистењето од нечистотијата нејзина, не доближувај се за да ја откриеш голотијата нејзина. И со жената на ближниот твој не легнувај, за да излееш семе и да се оскверниш со неа. Од децата свои не му принесувај жртва на Молох и не го обесчестувај името на твојот Бог. Јас сум Господ. Не легнувај со маж како со жена: тоа е одвратност. И со ниедно четироножно животно не легнувај за да излееш семе, па да се оскверниш со него; и жена не смее да легнува под ниедно четироножно животно, за да се спои со него: тоа е гнасотија*“ (3. Мојсеева 18, 5-23).

*„Затоа и Бог, според желбите на срцата нивни, ги предаде на нечистота, па сами да си ги обесчестуваат своите тела. Тие ја заменија вистината Божја со лага и му се поклонија и му служеа на создаденото повеќе отколку на Создателот, Кој е благословен во вечни векови. Амин! Затоа Бог ги предаде на срамни страсти: жените нивни природните потреби ги заменија со противприродни. И мажите исто така, напуштајќи го природното општење со*

*женскиот пол, се распалија со желби еден кон друг, и вршеа срамни работи мажи со мажи, добивајќи ја заслужената отплата за својата изопаченост“* (Римјаните 1, 24-27).

*„Или не знаете дека неправедните нема да го наследат царството Божјо? Не лажете се: ни блудниците, ни идолопоклониците, ни ракоблудците, ни мажеложниците, ниту крадците, ни користољупците, ни пијаниците, ниту хулниците, ни разбојниците нема да го наследат царството Божјо. А такви беа и некои од вас; но се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“* (1. Коринќаните 6,9-11).

Исус Христос го потврдил Божественото создавање кога изјавил: *„Тој им одговори и рече: ’Не ли сте читале дека Оној што ги создаде во почетокот, маж и жена ги создаде, и рече: Затоа ќе остави човек татко и мајка и ќе се прилепи до жената своја и ќе бидат обата едно тело. Па така, тие веќе не се двајца, туку едно тело. А Бог што соединил човек да не разделува’“* (Матеј 19,4-6).

Поради тоа христијаните адвентисти се противат на хомосексуалната практика и односи.

Исус го потврдил достоинството на човечките суштества покажувајќи милост кон личностите и семејствата кои страдале од последиците на гревот. Тој им упатил зборови на утеха и надеж на оние кои се бореле во своите гревови, правејќи јасна разлика меѓу својата љубов кон грешниците и јасното учење за грешните дела. Учениците адвентисти треба да ги следат Неговите упатства и Неговиот пример живеејќи христолик живот полн со милосрдие и верност.

*Овој став е изгласан на редовното собрание на Извршниот одбор на Генералната конференција, одржана на 3 октомври 1999 во Силвер Спринг, Мериленд, САД.*

*Сабота, 15 декември 2018*

## 11. ИСТОПОЛОВИ ЗАЕДНИЦИ

Во текот на изминатите неколку години Христијанската адвентистичка црква се соочува со неопходноста јасно да ги нагласи своите ставови во однос на прашањата за бракот, семејството и човечката сексуалност. Овие теми претставуваат жешки прашања со кои се соочува човечкото општество. Она што со векови се сметало како основа на христијанскиот морал во поглед на брачната заедница, денес се доведува во прашање не само во секуларното општество туку и меѓу самите христијански цркви. Институциите брак и семејство се под „непрекината стрелба“ и се соочуваат со центрифугални сили кои ги кинат и уништуваат. Растечкиот број на земји не само што расправаат за „истополови заедници“, туку и веќе воспоставуваат одредени правни рамки и оваа тема ја подигаат на светско ниво. Јавните дискусии поттикнуваат силни емоции. Во светлината на овие настани, Христијанската адвентистичка црква јасно ја повторува својата позиција.

Ние, повторно, без никакво колебање, ја потврдуваме нашата долгогодишна позиција изразена во Основните верувања. „Бракот е Божја институција воспоставена во Едем, која Исус Христос ја потврдил како заедница меѓу маж и жена. Иако гревот го нарушил божествениот идеал на бракот и семејството, тоа останува едновремено најнежна и најсветла форма на каква било човечка заедница. Нашите семејства треба да ја искусат обновата и реформацијата во своите односи.“

Бог го воспоставил бракот како соодветна заедница на два различни пола (машко и женско) кои физички, емотивно и духовно во брачната заедница стануваат „едно тело“, како што е наведено во Светото писмо. „Тоа е единствено морално начело кое се однесува на интимното сексуално изразување.“ Какво било намалување на овој висок стандард, би значело скрвернавење на Божјиот идеал.

Хомосексуалноста е манифестација на нарушувања на човечките склоности во меѓучовечките односи предизвикани со појавата

на гревот. Иако сите луѓе имаат грешна човечка природа, „веруваме дека со Божјата милост, преку дејствувањето на заедницата во верата, секој поединец може да живее во согласност со принципите изнесени во Божјата Реч“. (Изјава за ставот кон хомосексуалноста – дополнета).

Сметаме дека Бог ги сака сите луѓе без оглед на нивната сексуална ориентација. Ние не го оправдуваме одвојувањето, не презираме ниту изложуваме на потсмев каква било човечка заедница. Сепак, Божјата Реч, која го надминува времето и културните разновидности на човечките општества, не го поддржува хомосексуалниот стил на животот. Лично Бог е Творец на бракот и се противи на истополовите заедници.

*„Потоа Бог рече: ’Да создадеме човек според Нашиот образ (и) според Нашето подобие како што сме Ние, кој ќе биде господар над морските риби, над небеските птици, (над ѕверовите) и над добитокот – над целата земја и над сите гадинки што лазат по земјата!’ И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде. И ги благослови Бог, и им рече: ’Плодете се и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги морските риби (и ѕверовите), и небеските птици (и секаков добиток, целата земја), и сите животни што лазат по земјата!’“* (1. Мојсеева 1,26-28);

*„И им даде човекот имиња на сиот добиток, и на небеските птици, и на сите полски ѕверови; но за човекот не се најде помошник, сличен на него. Затоа Господ му прати на човекот длабок сон; па кога заспа, му извади едно ребро, и местото го пополни со месо. Од реброто, што го зеде од човекот, Господ Бог создаде жена и ја доведе кај човекот. А човекот рече: ‘Еве, тоа е коска од моите коски, и плот од мојата плот. Нека и биде името жена, зашто е земена од мажот (свој)!’ Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се прилепи кон жената своја; и (обата) ќе бидат едно тело“* (1. Мојсеева 2,20-24);

*„Не легнувај со маж како со жена: тоа е одвратност“ (3. Мојсеева 18,22);*

*„Ако некој легне со маж како со жена, и обајцата извршиле гнасно дело: да бидат убиени, виновни се“* (3. Мојсеева 20,13).

*„Или не знаете дека неправедните нема да го наследат царството Божјо? Не лажете се: ни блудниците, ниту идолопоклониците, ни ракоблудците, ни мажеложниците, ниту крадците, ни користољупците, ни пијаниците, ниту хулниците, ни разбојниците нема да го наследат царството Божјо. А такви беа и некои од вас; но се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“* (1. Коринќаните 6,9-11).

Исус јасно ја изнесува потврдата на хетеросексуалната брачна заедница.

*„Тој им одговори и рече: Не ли сте читале дека Оној што ги создаде во почетокот, маж и жена ги создаде, и рече: ’Затоа ќе остави човек татко и мајка и ќе се прилепи до жената своја и ќе бидат обата едно тело.’ Па така, тие веќе не се двајца, туку едно тело. А Бог што соединил човек да не разделува“* (Матеј 19,4-6).

Едно од основните учења на Христијанската адвентистичка црква е и доктрината за бракот и семејството.

*Изгласан став на редовното заседание на извршниот одбор на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква, 17 октомври 2012.*

*Сабота, 22 декември 2018*

## 12. ДЕЈНОСТИ СО ЕЛЕМЕНТИ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ – ПЕРСПЕКТИВИ И АНАЛИЗИ

Христијанската адвентистичка црква и нејзините различни организации кои се загрижени поради натпреварувачкиот дух и ривалството, сакаат да го појаснат своето гледиште и да препорачаат одредени насоки за дејствување поврзани со натпреварувањето (конкуренцијата). Со овие предлози сакаме од перспектива на Библијата и Духот на пророштвото да дадеме упатства и насоки за верниците поединци, цркви, области и институции на Црквата.

**Божји план**

***1.*** Подобар пат. Идеал е соработката и единството во Божјата црква како што е прикажано во 1. Коринќаните 12, 12-14, каде делови од Црквата, слично на деловите на телото, соработуваат за доброто на целината. Се работи за усогласена соработка; нема ривалство.

***2.*** Божјиот план за Неговото дело. „Градењето на карактерот е најважното дело кое некогаш им било доверено на човечките суштества; и никогаш порано трудољубивото изучување не било важно како сега, никогаш порано момчињата и девојчињата не биле изложени на толку големи опасности како што денес им се закануваат. Бог со својот план му се одредил место на секое човечко суштество. Секој треба целосно да ги развие своите таленти; ако во тоа биде верен, било да има малку било многу дарови, достоен е за почитување. Во Божјиот план нема место за себично ривалство“ (Воспитување, стр. 203.204).

**Урамнотежен пристап кон животот**

Адвентистите веруваат дека човекот е сложено суштество чии физички, духовни, душевни и општествени потреби се поврзани и зависни. Тие се грижат за целокупниот развој на секој поединец, сметајќи дека на секој му е потребна доследна и соодветно планирана физичка активност. За да се задоволат овие потреби, адвентистичките институции на преминот од минатиот и овој век главно се сместени во селските подрачја и нуделе многубројни можности за физички вежби.

Денес институциите работат во сè понатрупани средини, со намалени можности за корисна работа како средство за рекреација. Освен тоа, со преминот од селско во градско општество, се намалиле занимањата кои бараат физичка активност, се зголемила напнатоста, а слободното време сè повеќе е посветено на неподвижната разонода што ни ја пружаат радиото, телевизијата и филмовите. За да го надоместиме она што е изгубено со овие промени, во црковните школи, црквата и другите институции треба да се пристапи со внимателно одбран избор на физички активности.

Во секоја црква или училиште во кое постојат организирани физички активности, можат да се постигнат поволни резултати ако се настојува на остварување на следниве идеали: соработка, подготвеност за помагање, несебичност, дух на срдечност, игра поради забава а не само поради победа, почитување на духот а не само правилата. „Рекреацијата, кога е навистина она што го означува нејзиното име, ре-креација, јакне и изградува“ (Воспитување, стр. 185). Таа нема да поттикнува себичност, ривалство, непријателство, раздор, желба за доминација, желба за уживање или нездраво возбудување. Ефикасното водство ќе преземе одговорност за постигнување на овие цели.

**Потреби и цели на црковните активности**

Сите програми и активности на Црквата треба да придонесат за развојот на карактерот и делотворното сведочење слично на Христовото. Тие ќе поттикнуваат на:

- целосен развој на христијанската љубов и несебичен обѕир кон другите (1. Коринќаните 13);
- заемно почитување и заедништво меѓу верниците како што е прикажано со сликата на Црквата како единствено тело (1. Коринќаните 12);
- ослободување од себично ривалство и развивање на возвишено искуство на кооперативни настојувања;
- развивање на здраво тело, ум и дух;
- поттикнување и насочување на прифатливо почитување на Бога;
- поттикнување на поединците во сè што е вредно да постигнат што е можно најмногу и најдобро;
- активирање на големите човечки потенцијали на Црквата за придобивање души.

Треба да се отфрли секоја активност која го оневозможува остварувањето на овие темелни цели.

*Сабо̄та, 29 декември 2018*

## 13. ОДНОС НА ДОМОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ КОН САБОТАТА

**1. Вовед.** Живеењето во домот е камен-темелник на правилното празнување на саботата. Само кога луѓето ја празнуваат саботата совесно во домот и ги прифаќаат доделените одговорности како членови на семејството, Црквата како целина ќе му ги покаже на светот убавините и придобивките на Божјиот свет ден.

**2. Различни видови домови.** Во 21 век постојат различни видови домови; на пример, дом кој се состои од сопруг, жена и деца; дом со маж и жена, но без деца; дом каде што самохран родител е со деца (кога родителот треба да ја преземе улогата на татко и мајка поради смрт или развод); дом со лице кое никогаш не се омажило или се оженило, или дом во кој смрт или развод оставил самец или самица, без деца; или дом во кој само еден родител е верник на Црквата. Кога зборуваме за проблемите и потребите на овие категории, треба да имаме на ум дека некои принципи и дадени предлози се однесуваат на сите, а некои ќе бидат наменети само на одредена група.

**3. Две свети институции, дом**от и саботата**.** „Во почетокот“, Бог ги поставил Адам и Ева во нивниот дом во Едемската градина. Бог, исто така, „во почетокот“ на луѓето им ја дал саботата. Овие две институции, домот и саботата, одат заедно. Тие се и Божји дар. Затоа, и двете се свети, со тоа што втората ја зајакнува и збогатува првата на еден посебен начин.

**4. Одговорност**а на возрасните да бидат учители**.** Во согласност со упатството: „Напомнувај им ги (Божјите заповеди) на своите синови (спореди со 5. Мојсеева 6,4-9), возрасните членови на семејството треба да ги учат своите деца да го сакаат Бог и да ги извршуваат Неговите заповеди. Тие треба да ги учат да бидат верни на Бога и да ги следат Неговите одредби. Уште од најраното детство децата треба да научат да учествуваат во семејното богослужение, така што обожавањето во Божјиот дом ќе стане продолжување на тој обичај во семејството. Исто така, уште од првите де-

нови треба да учат за важноста да се оди во црква, дека правото празнување на денот за одмор подразбира и одење во Божјиот на богослужение и проучување на Библијата. Возрасните во семејството треба да дадат пример со тоа што ќе присуствуваат на богослуженијата во сабота и на тој начин ќе им обезбедат пример кој децата ќе го сметаат за важен кога самите ќе одлучуваат за нивните вредности во животот. Како што децата стануваат постари и позрели, преку разговор и проучување на Библијата, тие треба да научат за значењето на саботата, за нејзината поврзаност со христијанскиот живот и траен квалитет на саботата.

**5. Подготовка за сабота.** За да може саботата правилно да се почитува, целата седмица треба да се организира така за секој член на семејството да биде подготвен во мир да го дочека доаѓањето на Божјиот свет ден. Тоа значи дека возрасните членови на семејството ќе планираат сите домашни обврски, купување и подготовка на храна, подготвување на облека и сите други потреби од секојдневниот живот, да бидат завршени во петок пред зајдисонце. Денот за одмор треба да стане оска околу која се врти тркалото на целата седмица. Кога ќе наближи петок навечер и сонцето почне да заоѓа, возрасните и децата ќе можат да ја поздрават саботата со смирен ум, со сите подготовки завршени и со подготвен дом следните дваесет и четири часа да ги поминат со Бога и еден со друг. Децата можат да помогнат тоа да се оствари, така што ќе помагаат околу подготовките за саботата сообразно на нивната возраст. Начинот на кој семејството пристапува кон почетокот на саботата при заоѓање на сонцето во петок и начинот на кој ќе ја помине вечерта, ќе овозможи примање на благословите што Бог ги подготвил за целиот ден кој следи.

**6. Соодветна облека за сабота.** Во домот каде што има деца, возрасните можат во сабота наутро, кога семејството се подготвува за црква, со збор и со пример да ги учат децата дека еден од начините на кои му укажуваме почит на Бога, е во Божјиот дом да дојдеме во чиста и уредна облека, соодветна на културата во којашто живееме.

**7. Важноста на времето посветено на проучувањето на Библијата.** Таму каде што децата немаат предност да посетуваат ад-

вентистички училишта, саботната школа станува најважното средство за верска поука надвор од домот. Вредноста на ова време поминато во проучување на Библијата не може да се нагласи доволно. Затоа родителите треба да присуствуваат на саботните утрински служби и да сторат сѐ за да ги донесат своите деца со нив.

**8. Семејни активности во сабота.** Во повеќето култури саботниот оброк, кога семејството во домот се собира околу трпезата, е врв на неделата. Се зголемува чувството на света радост и заедништво кое почнало да се јавува и продолжува да расте за време на богослужението во црква. Ослободено од возбудата на световната атмосфера, семејството може да разговара за предмети од заеднички интерес и да го зачува духовното расположение на тој ден.

Кога ќе ја разберат светата природа на саботата и заедницата на љубов што постои меѓу родителите и децата, сите ќе настојуваат да се спречи во светите моменти да навлезе световната музика, радиото и телевизиските програми, видео-програмите, како и весниците и световните книги и списанија.

Сабота попладне, колку што е можно, ќе биде помината во семејни активности, истражување на природата, посета на болни или други кои имаат потреба од охрабрување и присуство на состаноците во Црквата. Како што децата растат, така активностите ќе се прошируваат, па ќе ги вклучат и другите нивни врсници од Црквата, но тие секогаш ќе го имаат на ум прашањето: „Дали оваа активност ќе ми помогне подобро да ја разберам вистинската природа и светост на саботата?“ На тој начин, правилното празнување на денот за одмор во домот ќе врши долготрајно влијание тука на земјата и во вечноста.

*Градиво за саботна школа*

За подобра саботна школа

4/2018

Излегува тримесечно

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил: Мелита Томовска

Коригирал: Томе Трајков

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба